О сине Адемов, сè додека Ми се обраќаш со дова и се надеваш во Мене, ќе ти простам, без разлика на твоите гревови, и тоа не Ми претставува тешкотија

Од Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека рекол: Го слушнав Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: „Возвишениот Аллах рекол: О сине Адемов, сè додека Ми се обраќаш со дова и се надеваш во Мене, ќе ти простам, без разлика на твоите гревови, и тоа не Ми претставува тешкотија. О сине Адемов, доколку твоите гревови достигнат до небесата, а потоа побараш прошка од Мене, ќе ти простам, и тоа не Ми претставува тешкотија. О сине Адемов, ако дојдеш кај Мене со гревови колку што е Земјата, но не Ми припишуваш здруженици, ќе ти дојдам со исто толкава прошка."

[حسن] [رواه الترمذي]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, известува дека Возвишениот Аллах рекол во хадис кудси: „О сине Адемов, сè додека Ми се обраќаш со дова и се надеваш на Мојата милост, без да паѓаш во очај, ќе ги прикријам и избришам твоите гревови, без разлика колку и да се големи, и тоа нема да Ми претставува тешкотија. О сине Адемов, ако твоите гревови станат толку многубројни така што ќе го исполнуваат просторот помеѓу небесата и Земјата, а потоа ќе побараш прошка од Мене, ќе ти ги простам сите гревови, без да Ми претставува каква било потешкотија. О сине Адемов, ако по смртта дојдеш кај Мене со гревови што би ја наолниле целата Земја, но умреш како мувехид (монотеист), ќе те пречекам со прошка исто толкава колку што би ја преполнила Земјата, бидејќи Јас сум Оној Кој простува и ги простувам сите гревови, освен ширкот.“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5456